

**ДВАЕСЕТТО И ПРВО ПОКЛОНЕНИЕ ПРЕД ГРОБОТ НА СВЕТИ КИРИЛ ВО ВЕЧНИОТ РИМ**

***Дваесет и првата манифестација „Во чест на свети Кирил" траеше од 22 до 26 мај оваа година. Во тој период, во вечниот град Рим присуствуваа државна и црковна делегација, чиј шеф беше академикот д-р Јордан Поп Јорданов, претседател на Мкедонската академија на науките и уметностите.***

Исто така, во делегацијата беа вклучени: д-р Борис Петковски, претседател на

Републичката комисија за културни врски со странство, Ѓоко Стоичиќ, претседател на Републичкиот завод за меѓународно научна, просветна-културна и техничка соработка на СР Србија, м-р Јован Мартиновиќ, советник во Заводот за заштита на спомениците на културата во Котор, а како преведувач и предавач беше вклучен Наум Китановски, виш предавач на Филолошкиот факултет во Скопје. Црковната делегација ја предводеше дебарско-кичевскиот архијереј митрополитот г. Тимотеј, а во придружба на свештеникот Димитрија Кочовски.

Во текот на манифестацијата академикот д-р Јордан Поп Јорданов одржа предавање на тема *„Современите природни науки и филозофијата";* Наум Китановски зборуваше за „ *Проблемите на преведувањетона македонската поезија на италијански јазик";* м-р Јован Мартиновиќ говореше за „ *Културно-историските споменици во Котар, Црна Гора и пошироко",* а беше отворена и изложба на фотографии за санација и реконструкција на Котор. Редоследот на акти вностите беше следниот: Веднаш по пристигнувањето , делегацијата беше примена од амбасадорот на СФРЈ во Италија г. Душан Штрбац. Другиот ден таа беше примена од деканот на Факултетот за книжевност и филозофија, проф. Акиле Тарспаро.

Во разговорот беше поднесена досегашната повеќегодишна соработка на овој факултет во Македонија преку манифестацијата *„Во чест на свети Кирил".* Притоа беше искажана благодарност за коректниот однос на овој факултет што работи во рамките на Универзитетот „ *Ла Сапиенца"* и придонесот на проф. Лионело Константини, кој и оваа година непосредно се ангажираше за реализирање на двете предавања, и тоа: *„Денешната состојба на преводите на италијанската литература на македонски и на македонската литература на италијански",* од проф. Наум Китановски и *„Спомениците на СР Црна Гора и нивната обнова по земјотресот од 1979 година"* од м-р Јован Мартиновиќ. На предавањата присуствуваа професори, студенти и специјалисти за темите што тие ги обработуваа.


Св. Климент
Охридски


SAINT
CLEMENT
OF ROME


ЖУРНАЛ
MACEDONIÆ
МАКЕДОНСКИ ГРБ
XIV ВЕК


ПРИКАЗ НА ЕЛЕМЕНТИТЕ НА ГРБОТ НА МПЦ
1
2
3
4
5
6
7
8
9
10
11
12

[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**